**АУЕ - ФОН УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ**
**Факултет за спортски менаџмент**

# ИЗВЕШТАЈ

## за работата на деканот на

## ФАКУЛТЕТ ЗА СПОРТСКИ МЕНАЏМЕНТ

за учебна 2020/ 21 / 22 година

**Скопје, декември 2022 година**

**СОДРЖИНА**

1. ВОВЕД

2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

2.1 Работата на ННС

2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННС

3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

3.1 Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

3.2 Дипломирани студенти

ЗАКЛУЧОК

## 1. В О В Е Д

Врз основа на член 114 алинеа (5) од Законот за високо образование, деканот на Факултетот за спортски менаџмент до ННС и ректорот на универзитетот доставува Извештај за својата работа (најмалку еднаш годишно) за претходната школска година.

Со Извешајот на деканот за својата работа се врши процена на нивото на реализација на сите релеватни активности на Факултетот, и остварат следните три цели:

- да претстави краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес и научноистражувачката работа во Факултетот, како и нивното меѓусебно влијание;
- да ги анализира добрите и слабите страни на Факултетот, и
- да се оцени успешноста на работата на деканот како орган на раководење на Факултетот.

Со нормативните акти на Факултетот, а согласно Законот за високото образование, јасно се прецизирани надлежностите на деканот во процесот на управување и функционирање на Факултетот. Тоа обезбедува организација на работата којашто дава feedback за степенот на реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес клучна е улогата на деканот на Факултетот којшто ја насочува, координира и следи реализацијата при извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, а за што е одговорен пред Наставно-научниот совет, ФОН Универзитетот и Министерството за образование и наука.

Имено, Факултетот прави силни и конкретни чекори во насока на подобра организација и поголема одговорност во реализацијата на наставно-образовниот процес.

Конкретно, воспоставени се процедури и механизми коишто овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

- изработка на програма за работа на деканот и поднесување извештај за степенот на нејзината реализација;
- изработка на годишен извештај за работа на наставниците и соработниците за извршување на тековните обврски како и континуирано следење на постигнатиот успех на студентите, со што е воспоставен соодветен систем на информирање и координирање на активностите.

## 2. РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

Факултетот функционира петнаесет години, при што се стреми кон континуирано остварување на повисоки развојни цели и тој процес е постојана грижа на сите негови наставници и соработници. Овој процес во себе инкорпорира континуирани промени во сите сегменти на органиацијата и работењето на Факултетот, и тоа:

- постојана грижа за постојните студиски и предметни програми на додипломските студии;
- во постапка е акредитација на нови наставни програми на првиот и вториот циклус на студии при економскиот факултет.
- И покрај ограничувањата поради пандемијата успеавме да обезбедиме термини во сала и базен за непречено изведување на практичната настава
- Обезбедени се потребни реквизити (топки, јажиња ) за изведување на практичните предмети

- континуирано се следи организацијата на наставата и вежбите, и изведувањето на испитите преку доследно почитување на распоредите
- иновирање на сајтот на АУЕ-ФОН универзитетот на којшто студентите можат да ги најдат сите информации за студиските и предметните програми, распореди на наставата и вежбите; информации за континуираната проверка на знаењата и информации за основната и поширокота литература;
- во периодот со започнување на летниот семестар од учебната 2021/22 факултетот за спортски менаџмент оствари потпишување на меморандум за соработка со[1]:

    - ДСУ „Спортска академија“ од Скопје
    - ДУФК „Методи Митевски - Брицо" од Скопје
    - СУГС “Раде Јовчевски – Корчагин” од Скопје
    - ОУ “Лазо Ангеловски”- од Скопје
    - Спортско рекреативен клуб „Соларис“- од Струга

- Во периодот од 28-02 до 05-03-2022 година, на падините на Ски Центарот Попова Шапка се изведе практичната настава (курс) по предметот скијање, кое е задолжително за сите студенти од Факултетот за Спортски Менаџмент (програма 2017/2022 насока спорт и физичко образование). Во целост како ЗАКЛУЧОК, активностите кои беа планирани во овој краток временски период, **беа во целост реализирани,** студентите научија да скијаат и како да се однесуваат на ски терени. Додека за нивното однесување на патеките и во хотелот можаме да кажаме дека сите беа на високо ниво и дека немаше никаков проблем во комуникација со нас професорите и целиот персонал во Центарот. Задолжени професори кои го реализираа курсот беа проф. д-р Александар Поповски и проф. д-р Тања Китановска Стојковска.

- Во рамките на студиската програма Спорт и спортски менаџмент – модул Спорт и физичко образование, во период 06. 06 – 11.06. 2022 г. се реализираше задолжителниот курс по Летно логорување во Струга, со база на камп хотел „Солферино“ (Црвен Крст) кој ги стави на располегање сите потребни ресурси за навремена, целосна и квалитетна реализација на предвидената програма по силабус. Тоа подразбираше: конгресна сала во целост на располагање на АУЕ – ФОН, обезбеден соодветен магацин за опрема достапен постојано, можност за поставување на банер на АУЕ – ФОН на влез на хотел и поставување на програмата за секој павиљон посебно. Дополнително, со оглед на тоа дека се работи за поинтензивни физички активности, нутриционистичкиот дел на понудата беше во согласност на потребите. Задолжени професори кои го

[1] Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со закон, Подготвени за ефикасна соработка која ќе придонесе за размена на искуства, Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во едукација, образование, усовршување, оспособување и учење.

реализираа курсот беа проф. д-р Лиза Пантековска и проф. д-р Александар Поповски

Во наредниот период ќе се интензивира процесот на промени во насока на што побрзо и поуспешно остварување на дефинираните стратегиски правци за развојот на Факултетот и формирањето на Универзитетскиот спортски сојуз како неминовно, за понатамошните дејствија на Универзитетот во насока на спортските натпревари кои се во надлежност на Универзитетската спортска федерација, а и успешно организирање на наставата по предметите спорт и здравје 1 и 2 кои се Универзитетски предмети како и организација на меѓуфакултетски спортски натпревари на нашиот универзитет и организација на меѓу универзитетски спортски натпревари.

### 2.1. Работа на ННС

Во учебната 2021/22 година одржани се 9 седници на ННС на Факултетот за спортски менаџмент на кои се водеа дискусии и се донесоа одлуки за сите потребни прашања кои се од делокругот на работа на Факултетот. Додека во периодот од февруари 2022 до септември 2022 се одржани вкупно 6 седници на ННС на Факултетот за спортски менаџмент.

### 2.2 Работа на постојните комисии формирани од ННС

- Работата на Комисијата за евалуација на факултетот

Во оваа комисија се вклучени: проф. д-р. Тања Китановска Стојковска – претседател, Проф. д-р. Магдалена Дамјановска – член, Проф. д-р. Лиза Пантековска – член[2].

Од спроведенето анкетирање на студентите на Факултетот за Спортски Менаџмент при Ауе ФОН Универзитет – Скопје за академската 2021/22 година, анализата која се однесува на прашањата од анкетата, покажува дека сите наставници имаат позитивна оценка од спроведената самоевалуација.

Додека за периодот од февруари до септември 2022 беше спроведена онлајн самоевалуација која не се покажа како успешна поради фактот дека беа оценети само дел од професорите кои се во наставниот процес (поради технички проблеми со системот за онлајн оценување) но сите професори кои се опфатени со самоевалуцијата добија позитивна оценка од студентите.

- На ННС на 17.03.2022 избрана е проф. д-р Тања Китановска-Стојковска за член на Сенатот на Американскиот универзитет на Европа – ФОН.
- На ННС на 17.03.2022 се формира Комисија за самоевалуација на Факултетот за спортски менаџмент во следниот состав :

  - проф. д-р Весна Јованова-Симева - претседател

[2] После заминувањето во пензија на професорката Магдалена Дамјановска, Комисијата е во состав: проф.д-р Весна Јованова Симева-Претседател; проф. д-р. Тања Китановска Стојковска – член и проф. д-р. Лиза Пантековска – член

- проф. д-р Лиза Пантековска - член
- проф. д-р Тања Китановска-Стојковска - член

- На ННС на 24.06.2022 избрана е проф. д-р Лиза Пантековска како ЕКТС координатор за академски развој при Факултетот за спортски менаџмент.

- На ННС на 24.06.2022 се формира комисија за признавање на испити во следниот состав:

- проф. д-р Тања Китановска Стојковска - претседател
- проф. д-р Лиза Пантековска - член
- проф. д-р Весна Јованова Симева - член

## 3. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 3.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

Факултетот за спортски менаџмент според добиената акредитација има право да организира настава на додипломски студии и тоа на следниве студиски модули на првиот циклус:

- Спорт и физичко образование и
- Спортски менаџмент

кои траат 8 семестри со 240 кредити и последипломски студии – магистерски студии како втор циклус на студии кои траат 1+1 семестри со вкупно 60 кредити и тоа на следниве две студиски програми: Спорт и физичко образование, и Спортски менаџмент.

### 3.2. Дипломирани студенти

Табела1. Дипломирани студенти на Факултетот за спортски менаџмент во учебната 2020/21 и 2021/2022[3]

| | I циклус дипломирани | специјалисти | магистри |
|---|---|---|---|
| 2020/21 година | 1 | 2 | 3 |
| 2021 до февруари 2022 | 7 | 2 | 4 |
| Вкупно | 8 | 4 | 7 |

[3] Табелата 1 ни покажува нереални податоци поради фактот дека студентската служба прави пресек на дипломирани студенти и магистри два пати во годината....тоа значи дека во моментот на добивање на точната информација овие податоци ќе бидат апдејтирани и ќе бидат составен дел на овој извештај

## ЗАКЛУЧОК

И покрај тешките услови за време на пандемија факултетот за спортски менаџмент, во изминатата учебна година во целост ја реализираше програмата, со исклучок за студентите од генерација 2017/18. Поради пандемијата и неможноста да се изведе теренската настава по скијање и летно логорување. ННС мораше да донесе непопуларна одлука и да им овозможи на студентите да полагаат усно и онлајн. Во секој случај оваа генерација е и првата која дипломираше по новата четиригодишна програма која се покажа мошне интересна за студентите.

За жал поради новите услови за работа на факултетите на Универзитетот, Менаџментот не дозволи упис на нови студенти за учебната 2021/22, но како прв факултет за спортски менаџмент од 2007 година и единствен во Македонија факултетот ќе продолжи со дејствување преку Факултетот за економски науки каде во процес е добивањето на акредитација за новата програма (насока спортски менаџмент).

Во периодот април/мај 2022 година нашата нова програма за спортски менаџмент ја доби потребната акрдитација и решение за работа на факултетот за економски науки за прв и втор циклус на студии и тоа:

- Прв циклус четири годишни студии со 240 кредити насока спортски менаџмент (дипломиран спортски менаџер)
- Втор циклус едногодишни специјалистички студии со 60 кредити (специјалист по спортски менаџмент)
- Втор циклус на студии петта година со 60 кредити (магистер по спортски менаџмент)

Но за жал и покрај десетината студенти кои направија упис на новата програма за 2022/23година, Менаџментот на универзитетот одлучи дека нема доволен број на студенти и по втор пат не дозволи новата програма да стартува, со напомена дека следната уписна година новата програма ќе биде и маркетиншки покриена за да обезбеди поголем број на студенти.....

Направената анализа овозможи согледување на добрите и слабите страни, односно тешкотиите во работењето на институцијата, од интерен и/или екстерен карактер, од една страна, и можностите за надминување на проблемите и динамизирање на развојот, од друга страна.

Со реализација на студиската програма 2017/22 на двата модули сите планирани обврски на наставниот кадар се исполнети во целост, така што наставно-образовниот процес заврши според годишниот план за работа и се уште трае.

Имајќи ги предвид добиените сознанија, и ставајќи ги во контекст на реалните состојби и можности за нивна позитивна промена, ги препорачуваме следниве корективни мерки:

- перманентно иновирање на предметните програми, согласно со новите научни сознанија во областа и со идентификуваните и антиципираните потреби на пазарот за определени видови знаења;
- воспоставување организирана и континуирана соработка со стопанството и заедницата во едукативната и истражувачката сфера;

- перманентно квалитативно подобрување на постојниот наставнички и соработнички кадар и кадровско доекипирање на Факултетот соодветно на потребите;
- Осовременување на наставно-образовниот процес и подобрување на квалитетот и ефикасноста во студирањето кое нешто ќе овозможи зголемување на рејтингот на факултетот и АУЕ-ФОН Универзитетот;
- поголема и поактивна улога на студентите во целокупниот наставно-образовен процес, преку зголемена одговорност и редовност на студентите во следењето на наставата и примената на современи методи на настава, што подразбираат активна и креативна улога на студентот;
- подобро организирање, проширување и интензивирање на научно-истражувачките активности на Факултетот и соработката со стопанството;
- проширување и интензивирање на надворешната соработка на Факултетот, преку воспоставување потесни врски на Факултетот со високообразовните институции со коишто има склучено договори за соработка; и
- Проширување и дополнување на материјално техничките услови за работа.

Декан
Проф.д-р Александар Поповски

Скопје 23-12-2022